Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), постапувајќи по службена должност, за интервенција врз зеленило, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило (јавно зеленило), односно подигнување на крошните на стеблата на 9 (девет) дрва (8 јавори и бреза) на **ул. ''Трифун Пановски'' во Општина Карпош – Скопје**
2. Кастрењето на дрвата, односно подигнувањето на крошните на стеблата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 7 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвата, односно подигнувањето на крошните на стеблата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по службена должност вработени стручни лица од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата имаат гранки кои оневозможуваат непречено движење на возило за собирање и транспортирање на комунален отпад на ул. Трифун Пановски, за да се спречи оштетување на возилото потребно е да се изврши подигнување на крошните на стеблата на дрвата.
Согласно член 8 односно член 9 од Законот за урбано зеленило, зеленилото предмет на ова решение се смета за јавно зеленило. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 29 став 1 од неведениот закон стои дека постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на оштетено дрво, како и за дрво за кое надлежната служба ќе утврди потреба за негово сечење, односно кастрење, започнува со барање на физичко, правно лице или по службена должност.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: “С” или кастрење “К”).
Во конкретниот случај овој орган, по службена должност, има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвата имаат гранки кои пречат за непречено движење на возило за собирање и транспортирање на комунален отпад и за истите потребно е да се изврши подигнување на крошните на стеблата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-сл/2**
**29.01.2025** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот**,** ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Марија Стојановска**

___________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

___________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

___________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

________________________________